Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05 и 92/07) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05), Советот на Општина Богданци на седницата одржана на 09.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Богданци**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр.08/05), во член 4, тарифен број 3 и тарифен број 10 се заменуваат со нови, и гласаат:

Тарифен број 3

„За користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност од м2 дневно: 7“.

Тарифен број 10

„За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачи, и тоа:

-0,4 KW (домаќинства) по 25 KW/h
- 0,4 KV (објекти на трговски друштва и занаетчии) по 50 KW/h
- 10 KV по 100 KW/h
- 35 KV по 150 KW/h
- 110 KV по 300 KW/h

по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци“.

**Бр. 07 - 874/5**
**09.06.2009 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Душко Енцекчев**